Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

17-2482/1,
16-03-2020

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Македонија број 58/2000, 44/2002, 82/2008 и 51/2011), член 55 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Службен весник на Република Македонија број 66/2004,139/2008, 99/2009, 149/2014, 150/2015 и 37/2016), Министерот за здравство донесе:

# НАРЕДБА

за мерките за мобилизација, организација и распоред на работата и на работното време, промена на работните места и условите на работа на здравствените установи и на нивните вработени и на приватните здравствени работници во склоп на мрежата на јавно здравствените установи во врска со користење на медицинско-техничката опрема и останатите средства

Врз основа на законски одредби и задолженија за утврдување на мерки за спречување на појава, внесување, рано откривање, спречување на ширењето и сузбивањето на Коронавирус COVID – 19, а заради заштита на населението од истиот, Министерот за здравство ја издава оваа Наредба со која се активираат мерките за мобилизација, организација и распоред на работата и на работното време, промена на работните места и условите на работа во здравствените установи и на нивните вработени како и на приватните здравствени работници во склоп на мрежата на јавно здравствените служби во врска со користење на медицинско-техничката опрема и останатите медицински средства во согласност со потребите и мерките за спречување на појава, внесување, рано откривање, спречување на ширењето и сузбивањето на Коронавирус COVID – 19.

Во случај на привремен распоред на работа во согласност со став 1 од оваа Наредба, здравствените работници и соработници треба сите права и обврски во врска со нивниот работен однос да ги остваруваат во матичната здравствена установа или по потреба ќе бидат мобилизирани во друга здравствена установа.

Оваа Наредба стапува на сила на денот на нејзиното донесување а нејзино непочитување повлекува одговорност.

Министер за здравство

Доц. д-р Венко Филипче

Република Северна Македонија – Министерство за здравство / Republika e Maqedonisë së Veriut – Ministria e Shëndetësisë – Скопје – Shkup